# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.61 од 17.04.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за здравственото осигурување (,,Службен весник на Република Македонија” број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14 и 20/15), во членот 14 ставот 2 се менува и гласи:
„Надоместокот од ставот 1 на овој член се исплатува за временскиот период утврден со прописите од областа на работните односи.‟

**Член 2**

Во членот 52 став 1 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и утврденото право на надоместок на плата‟.

**Член 3**

Започнатите постапки за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување утврдени во членовите 1 и 2 од овој закон до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со одредбите од овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.